ИЗВРШИТЕЛ
ЦВЕТАНКА ТРЕНЕВСКА
[redacted]
ПРИМЕНО
И. бр. [redacted]/19
Датум: 05.05.2021
Час:

ИДС.бр. [redacted]/21

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОСНОВНИОТ СУД ВО ТЕТОВО - М-r [redacted]** постапувајќи по барањето со предлог за определување на минимум средства кои се неопходни за вршење на месечната дејност, односно задачи на должникот "Општинско Основно училиште [redacted]" од [redacted]о, поднесен согласно член 218 од ЗИ, на ден [redacted].2021год. го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Барањето** со предлог за определување на минимум средства кои се неопходни за вршење на месечната дејност, односно задачи на должникот ""Општинско Основно училиште [redacted]" од [redacted], а поднесен од должникот "Општинско Основно училиште Пашко Васа" од [redacted]" од [redacted] согласно член 218 од ЗИ, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Должникот "Општинско Основно училиште [redacted]" од [redacted] до Претседателот на Основниот суд [redacted] достави барање со предлог за определување на минимум средства кои се неопходни за вршење на месечната дејност, односно задачи на должникот поднесен согласно член 218 од ЗИ.

Во предлогот на должникот се наведува дека на должникот подолг временски период му била блокирана сметката, а заради присилна наплата на побарување по налог за извршување И.бр. [redacted] од 21.11.2019 на извршител Цветанка Треневска именуван за подрачје на Основен суд [redacted].

Поради блокирање на сметката на должникот од овој налог должникот не можел да ги обавува редовните тековни активности.

Од таа причина предлагачот – должникот имал потреба од одреден износ на средства кои би биле неопходни за нормално вршење и функционирање на дејноста.

За утврдување на овој минимален износ на средства, предлагачот – должникот во прилог на барањето достави вештачење од економско финансиска област изготвено од вешто лице [redacted] дипломиран економист од [redacted]. Овој износ на неопходни минимални финасиски средства за месечно функционирање на предлагачот – должникот согласно ваквиот наод и мислење изнесувал 3.065.065,00 ден.

Од страна на судот предлогот на должникот беше доставен до извршител [redacted] и именувана за подрачје на Основен суд [redacted].

Од страна на извршителот именуван за подрачје на Основен суд [redacted] беше доставен писмен поднесок со кој извршителот го известува судот дека не може да се произнесе по барањето на должникот од причина што постапката за определување месечен минимум на средства неопходни за вршење на дејноста на должник не спаѓа во негова надлежност.

Претседателот на судот по оцена и анализа на наводите во предлогот на должникот како и доказите во прилог на истото, одговорот од страна на

извршителот [redacted]а, оцени да предлогот на должникот е неоснован, а поради следното:

Барањето – предлогот на должникот "Општинско Основно училиште [redacted] " од [redacted] " од [redacted] е заснован согласно одредбата од член 218 од ЗИ каде што е наведено "Врз предмети и права на Република Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и Јавните претпријатија не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања, до колку тие се неопходни за вршење на нивната дејност, односно задачи. Кои предмети и права се неопходни за вршење на дејноста и задачите на должникот ќе определи Претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршното дејство, ако во текот на спроведувањето на извршувањето странките за тоа прашање не се согласат или инаку се укаже тоа како потреба".

Ако се има во предвид оваа Законска одредба произлегува дека во случајот не се остварени условите судот да го уважи барањето на предлагачот – должникот. Ова поради основната причина што во одредбата од член 218 од ЗИ јасно е наведено дека не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања врз предмети и права, што во случајов не е така, а од причина што извршителот не спроведувал извршување врз предмети и права на сега должникот, туку спроведувал извршување врз парични средства на сметка на должникот.

Извршувањето на парично побарување спрема правно лице генерално е регулирано со одредбата од член 208 од ЗИ каде што е наведено "Извршување заради остварување на парично побарување спрема правно лице може да се спроведе врз сите расположливи средства на неговите сметки кај носителите на платен промет каде што должникот има сметки".

Поконкретно како се спроведува извршувањето спрема правно лице е регулирано со одредбата од член 210 од ЗИ каде е наведено:

(1) Извршителот со налогот за извршување назначува еден од носителите на платен промет каде што се водат доверителовите и должниковите парични средства, бројот на доверителовата и должниковата сметка и нивните потсметки доколку ги има, доверителовиот и должниковиот даночен број или ЕМБГ и долгуваниот износ.

(2) Со налогот за извршување врз парични средства што се водат на сметка на должникот кај носителот на платен промет, на носителот му се наложува паричниот износ за кој е наложено извршување да го пренесе од сметките на должникот на сметката на извршителот предвидена во членот 35 став (4) од овој закон.

(3) Налозите за извршување кои ги задолжуваат трезорските сметки, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на трезорските сметки, носителот на платен промет ги извршува на начин што врз основа на налозите за извршување изготвува налози кои ги доставува до Трезорот при Министерството за финансии, односно Трезорот на Фондот за здравствено осигурување каде што на должникот му се води сметката.

(4) Трезорот при Министерството за финансии, односно Трезорот на Фондот за здравствено осигурување налозите од ставот (3) на овој член ги извршува согласно со овој закон и согласно со прописите за платен промет.

(5) *Извршителот е должен да го достави налогот за извршување до должникот, откако налогот за извршување врз средства на сметката на должникот е евидентиран кај носителот на платен промет.

Во конкретниот случај станува збор токму за тоа нешто, односно извршување заради остварување на парично побарување спрема правно лице, така што е исклучена примената на одредбата од член 218 од ЗИ, а од причина која е претходно наведена, а тоа е фактот дека со оваа одредба од член 218 се предвидува исклучок од општата одредба од член 208 за начинот на извршување на парично побарување спрема правно лице, а кој исклучок се однесува доколку извршувањето се спроведува врз предмети и права на Република Македонија, нејзините органи, единиците на Локалната самоуправа и Јавните претпријатија.

Како во случајов не станува збор за такво нешто, а од причини претходно образложени, следуваше Претседателот на судот да го одбие барањето на должникот.

Во смисла на претходно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**РЕШЕНО ВО ОСНОВЕН СУД** [redacted], на ден 26.04.2021 год. под ИДС.бр. [redacted]

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,**

**М-р** [redacted]

**П О У К А**: Рок за жалба 3 дена од денот на приемот, преку овој суд до Апелационен суд [redacted]р.

**ЗАДОЛЖЕНИЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ ТАКСА: СЕ ЗАДОЛЖУВА** должникот да плати такса за одлука 480,оо ден.